**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА**

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за правда |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за јавнообвинителска служба |
| Одговорно лице и контакт информации: | |
| Вид на Извештај | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐НПАА<br>☒Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☐Друго ____________________ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | Ноември 2017 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | Ноември 2017 година |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | Декември 2017 година |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### *1.1 Опис на состојбите*

Поаѓајќи од статусот на Јавното обвинителство, како единствен самостоен државен орган, кој ги гони сторителите на кривични дела и други казниви дела утврдени со закон, и специфичноста на работите и задачите кои ги извршуваат не само јавните обвинители, туку и вработените во администрацијата на јавното обвинителство, во 2015 година е донесен Законот за јавнообвинителска служба, со кој е уреден статусот на вработените во администрацијата на јавното обвинителство.

Во таа насока, Законот за јавнообвинителска служба претставува воспоставување на единствена законска рамка која ги уредува основите на вработувањето и селекцијата, правата и должностите, одговорноста, оценувањето, престанокот на вработувањето, заштитата и одлучувањето за правата и обврските, платите и надоместоците на плати на јавнообвинителските службеници.

Јавнообвинителската служба согласно Законот ја сочинуваат јавнообвинителските службеници вработени во јавните обвинителства, лицата вработени во јавните обвинителства кои вршат технички и помошни работи, вклучувајќи ги и стручните лица вработени во јавните обвинителства за вршење на стручни работи поврзани со следење, откривање и истражување на криминалитетот.

Со цел воспоставување на ефикасни механизми за контрола на работата на лица со полициски овластувања, вработени во Министерството за внатрешни работи и припадници на затворската полиција, во Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за јавното обвинителство се предлага во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција да се формира посебно Одделение за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција, кое ќе биде надлежно за нивно кривично гонење.

Заради функционалност на Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција во Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за јавнотообвинителска служба се предлага Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција се предлага покрај јавните обвинители да бидат вработени и јавнообвинителски службеници кои ќе бидат на ниво В1 и со звање јавнообвинителки советник-истражител.

### *1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

Заради независни, ефикасни и навремени механизми за контрола, во Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за јавното обвинителство се предлага во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција да се формира посебно Одделение за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски

овластувања и припадници на затворската полиција, кое ќе биде надлежно за кривично гонење за сите кривични дела извршени од страна на лица вработени во Министерството за внатрешни работи кои имаат полициски овластувања и од припадниците на затворската полиција, а кои кривични дела се сторени при вршењето на службената должност, како и кривични дела извршени од страна на истите лица надвор од вршењето на службата со употреба на сила или средства на присилба, ако како последица настапила смрт, тешка телесна повреда или телесна повреда, доколку со Закон е предвидено кривично гонење по службена должност.

## 2. Цели на предлог регулативата

Заради измените и дополнувањата на Законот за јавно обвинителство, а имајќи го во предвид специфичниот карактер на работите и работните задачи кои ги извршуваат јавнообвинителските службеници-извршители, се предлагаат изменувања и дополнување на Законот за јавнообвинителска служба и усогласување на одредбите на Законот со Законот за јавно обвинителство.

Со тоа ќе се овозможи целосна функционалност на Одделение за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција како контролен механизам над работата над полицијата. Во рамките на Одделение за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција се предлагаат работни места со звање јавнообвинителски советник-истражител со специфични надлежности во спроведувањето на кривична истрага и гонење за кривични дела кои се однесуваат на членовите 2 и 3 од ЕКЧП ќе мора да ги исполни критериумите поставени од ЕСЧП во однос на независноста и непристрасноста, брзината, адекватноста и надлежностите.

## 3. Можни решенија (опции)

### 3.1 *Опис на решението „не прави ништо"*

*Да остане постојното законско решение.*

### 3.2 *Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

Со донесувањето на овој закон целосно ќе се имплементира моделот за сопствени истражители во јавното обвинителство

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

### 4.1 *Економски влијанија*

*4.2 Фискални влијанија*

Предложените измени и дополнувања на Законот ќе предизвикаат фискални импликации, а средствата за спроведување на законот ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија.

*4.3 Социјални влијанија*

*4.4 Влијанија врз животната средина*

*4.5 Административни влијанија и трошоци –*

*а) трошоци за спроведување*

*б)трошоци за почитување на регулативата*

## 5. Консултации

*5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

Министерството за внатрешни работи (МВР), повикувајќи се на забелешките нотирани во извештаите на меѓународните организации и утврдувајќи ја потребата од постоење на надворешен механизам за надзор над полицијата, во јуни 2015 година поднесе барање до Советот на Европа за поддршка и техничка помош при воспоставувањето на надворешен механизам за контрола над работата на полицијата. Во таа насока, една од целите на проектот „Јакнење на почитувањето на човековите права при полициското постапување“, кој Советот на Европа го спроведува во рамките на Хоризонталната Програма ко-финансирана од Европската Унија и Советот на Европа,е воведување на ефикасна контрола над работата на полицијата. Оваа активност е логичен продолжеток на проектот „Поддршка за воспоставување на надворешен механизам за контрола на работата на полицијата“, кој беше финансиран од страна на Советот на Европа и Министерството за надворешни работи на Кралството Холандија, а го спроведуваше Советот на Европа во периодот од 1 декември 2015 година до 30 април 2016 година.

Во рамки на проектот беше воспоставена мулти-институционална работна група, со цел идентификување на најсоодветниот модел на надворешна контрола на работата на полицијата.

Работната група достави **ПРЕДЛОГ за независен надворешен механизам за контрола над работата на вработените во МВР со полициски овластувања и затворската полицијата.**

Предлогот беше доставен до Министерството за правда и разгледан од страна на Работната група за изготвување на законите од казнено – правната област согласно Стратегијата за реформа на правосудниот сектор и имплементирање на механизмот за надворешна контрола. Работната група е составена со претставници од надлежните органи, академската заедница, судии и јавни обвинители.

*5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

*5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

**6. Заклучоци и препорачано решение**

*6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

Опција 1. Да не се донесе предложениот закон.

Опција 2. Да се донесе предложениот закон.

Доколку се пристапи кон опцијата 1 ќе остане неусогласен Законот за јавнообвинителска служба со Законот за јавно обвинителство. Односно, неможност за реализација на одредбите од Законот за јавно обвинителство.

Доколку се прифати опцијата 2 ќе се воведе ефикасна контрола над работата на полицијата преку воспоставување на надворешен механизам, односно формирање на посебно одделение со вработени јавнообвинителски службеници-истражители кои ќе ја имаат надлежноста да спроведуваат кривична истрага и гонење за кривични дела кои се однесуваат на членовите 2 и 3 од ЕКЧП.

*6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

Ризикот од спроведувањето на решението содржано во опцијата 1 е непостоење на надворешен контролен механизам, а со тоа и негативни забелешки за работата на јавното обвинителство и полицијата во меѓународните извештаи, како и пресудите на ЕСЧП.

*6.3 Препорачано решение со образложение*

Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за јавнообвинителска служба е систематизиран во девет членови.

Со член 1 од предложениот закон, во делот во кој за јавнообвинителските службеници се опишани звањата, во рамките на нивоата и категориите извршено е дополнување на алинејата В1 - виш јавнообвинителски советник, јавнообвинителски советник, советник со јавнообвинителски советник-истражител, а со членот 2 од предложениот закон извршено е исто така дополнување во делот во кој се утврдени стручните квалификации за В1.

Организирање на обуки за надлежните органи во врска со новото законско предложено решение.

## 8. Следење и евалуација

### *8.1 Начин на следење на спроведувањето*

Примената на законот ќе ја следи Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, преку посебното Оддление за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција.

### *8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

Евалуацијата на спроведувањето на овој закон ќе биде правена низ призмата на ефикасноста на постапувањето на јавното обвинителство по овој вид предмети.

**Изјава од државниот секретар**

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум:** 27.11.2017

..........................................
**потпис на државен секретар**

**Изјава од министерот**

**Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.**

**Датум:** 27.11.2017

..........................................
**потпис на министерот**